Транспарентноста на локално ниво ја подобрува довербата во локалните власти и го охрабрува учеството на деловната заедница во одлучувањето. Исто така, значително помага во намалувањето на корупцијата и судирите на интереси.

Кодексот за транспарентност на локално ниво обезбедува информации што треба да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Неговата цел е да го подобри нивото на отчетност и транспарентност на локалната власт, преку јасно дефинирање на главните извори на информации и на начинот на нивно претставување.

## СКЕНИРАЈТЕ ГО КОДОТ И ДОЗНАЈТЕ КОИ ИНФОРМАЦИИ ИМАТЕ ПРАВО ДА ГИ ДОБИЕТЕ!

Овој леток е подготвен од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во летокот не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# ОПШТИНАТА НА ДЛАНКА

## ИНФОРМАЦИИ ДОСТАПНИ СО ЕДЕН КЛИК



**ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ**

Преку веб-страницата на општината, бизнисите може да добијат пристап до важни информации:
- За нивните права и обврски;
- Кои го олеснуваат нивното дневно работење;
- Кои им овозможуваат лесен пристап до услугите на јавните институции.

Посетете ја веб-страницата на општината, пребарајте и добијте ги потребните информации!
Откријте ги можностите за вашиот бизнис!

Скенирајте го кодот и дознајте кои информации имате право да ги добиете!

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

## ИНФОРМАЦИИ ШТО МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНАТ ВО БИЗНИС-ОДЛУКИТЕ

**БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА**
Дознајте како се трошат вашите пари!

**ОГЛАСИ И НОВОСТИ**
Информирајте се за сите актуелни информации од јавен карактер!

**ЈАВНИ НАБАВКИ**
Следете ги јавните набавки на општината и конкурирајте!

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Бидете информирани за визијата на општината!

**ФОРМУЛАРИ, ОБРАСЦИ И НАЧИНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА УСЛУГА**
Преземете ги потребните документи, добијте инструкции како да ги пополните и аплицирајте!

**Е-УСЛУГИ**
Добијте ја потребната услуга со еден клик!

- Е-даноци
- Е-дозволи
- Е-урбанизам
- Е-одобрение за градење

Со вашето редовно користење на услугите општината и барање детални и навремени информации, го поттикнувате отчетното и транспарентно работење на општината, односно го поттикнувате она што е најдобро за деловната заедница.

Искористете ги можностите на веб-страницата на вашата општина за унапредување на деловното работење!

## ЗАШТЕДЕТЕ ВРЕМЕ И ФИНАНСИИ, ДОБИЈТЕ ИНФОРМАЦИЈА ОД ПРВА РАКА!

